Јавно претпријатије за комунални дејности
РОСОМАН
Бр. 03-49/1
02.02.2026
РОСОМАН

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЈЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

**РОСОМАН**

**ул. "Гоце Делчев" бб. - Росоман**

**е mail - / jpkdrosoman@gmail.com**

# ЈАВЕН ПОВИК

**ПОДНОСТИЕЛ:** Јавно претпријатие за комунални дејности Росоман, со седиште на ул.Гоце Делчев бр.бб- Росоман, со ЕМБС 5522005 и ЕДБ 4011001116300 застапувано од овластено лице- в.д. Директор Александар Стојанов од Росоман

Почитувани,

Во рамките на своето работење, ЈПКД РОСОМАН-Росоман ве повикува во периодот од **03.02.2026год до 03.03.2026год** да пристапите во канцеларијата на ЈПКД РОСОМАН-Росоман на ул.Гоце Делчев бб во Росоман, а со себе да донесете документ за лична идентификација (важечка лична карта или пасош) и нов Имотен лист од вашиот недвижен имот, а со цел да се изврши усогласување на површината која што ја користите и на која ги добивате услугите од ЈПКД Росоман.

По извршеното усогласување на површината на недвижниот имот, ќе биде составен договор за комунални услуги со секое физичко лице, а врз основа на тој договор во иднина ќе бидат изготвувани месечните фактури за комунални услуги.

Исто така ги известуаме сите лица кои што живеат на недвижен имот кој што по имотен лист се води на лице кое што е починато да пристапат во канцелариите на ЈПКД РОСОМАН за склучување на нов договор за комунални услуги.

**Ве известуваме дека доколку во определениот рок не пристапете кон склучување на нов договор за користење на комуналните услуги, ние самите ќе извршиме ажурирање на податоците за површината на недвижниот имот кој го користете, а исто така ќе извршиме и промена на корисникот на услугите, по што ќе биде променет и водомерот.**

ЈПКД РОСОМАН согласно своите надлежности, во случаите каде што носител на правото на користење на услугите на ЈПКД РОСОМАН е лице кое што е починато доколку не се склучи нов договор за користење на услугите со нов корисник,има право да го прекине давањето на услугите.

**РОСОМАН**
**02.02.2026 година**

**ЗА ЈПКД РОСОМАН**
**Директор**
**Александар Стојанов**

Јавно претпријатие за комунални дејности
РОСОМАН
Росоман